# НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION

Скопје 23  Октомври,2020 годин

До:Средства за јавно информирање

Предмет: Известување

Почитуван,
Сакаме да Ве известиме дека од 24 Април 2019 кога е направена промената на старото раководство на Федерацијата,истата е единствена валидна и запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија како единствена институција надлежна за тоа.
Во текот на 2019 година,Националната пливачка федерација ја сиполни целосно својата програма на натпревари при тоа организирајќи:

- Летно Национално Првенство во пливање 29.06-01.07.2019 на Олимписки Базен Центар
- Зимско Национално Првенство во пливање 14-15.12.2019 на Базен  Борис Трајковски
- Зимско Национално Првенство во Далечинско Пливање 09.12.2019 на Олимписки базен Центар
- 6ти Македонски куп во далечинско пливање со 4 трки во Купот
- Прогласување на најуспешни пливачи за 2019 после долго време на 28.12.2019
- Меѓународни натпревари кои се во календарот на натпревари за 2019 а тоа се:Делфин Спринт,Орион Куп мини,13 Ноември,Скопје опен,Немо куп,Дедо Мраз.

Во текот на 2020 година поради ситуацијата со коронавирусот бевме приморани да откажеме поголем дел од календарот за 2020 година но во текот на Летото го организиравме 7от Македонски куп во далечинско пливање кој се одржа на 4 езера:

- Крушево 09.08.2020
- Охрид 16.08.2020
- Маврово 29.08.2020
- Велес 12.09.2020

Ги прогласивме најдобрите пливачи од Купот и истите беа наградени со парични награди,во текот на месец Септември и Октомври продолживме да го следиме календарот на натпревари за 2020 година и досега се организираа Меѓународните пливачки митинзи:

- Делфин спринт 26.09.2020
- Орион Куп мини 04.10.2020
- 13 Ноември 17-18.10.2020

Исто така се наследивме и голем проблем,системот за Електронско мерење на времето кој досега го користевме,истито е оттуѓен од страна на старото раководство во соседна Србија,и за истото сме приморани Ние како федерација и нашите членки да изнајмуваат системи за електронско мерење на времињата.
Сакаме да ја информираме пошироката јавност дека кредибилитетот на Федерацијата може да се види по работата,на Националните првенства имаме учество на 20 клубови од Македонија со

Kont. adresa: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Skopje, R. Северна Makedonija
tel +389 78 386 236; +389 70 27 97 34; e-mail: aleksandarf@yahoo.com swimmkd_b@hotmail.com

www.pvsm.com.mk

преку 330 пливачи во повеќе старосни категории,на Купот од далечинско пливање имавме учество на повеќе од 45 пливачи по трка.
Ние бевме Пливачка федерација на Македонија со ЕМБС 5134846 , ЕДБ 4030996160921 и решение за дејност спорт бр 08-1755/2 од 05.06.2003,а сега сме истата Федерација но поради договорот со Република Грција и промена на името на Државата го променивме и името во Национална пливачка федерација со истите ЕМБС и ЕДБ.
Поради сето горе наведено,сакаме целата Македонска јавност да знае дека лицата кои се променети,се претставуваат лажно,немаат никаков веродостојност,важност,вистинитост и кредибилитет да го водат пливањето.

Со Почит
Александар Фиилипчев
Претседател на национална плчивачка федерација
Тел за контакт:078/386-236